Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-237/1

17-02-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-764/1 од 30.10.2025 година поднесена од --------- против --------, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на јавното информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на јавното информирање и медиуми од страна на --------- кон --------- и нејзиниот малолетен син.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-764/1 од 30.10.2025 година, од страна на --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на јавно информирање и медиуми.

Според наводите од претставката, подносителката на нејзиниот личен профил на социјалните мрежи објавила фотографија од нејзиниот син, дете со аутизам, заедно со кандидат за градоначалник на Град Скопје, проследена со емотивен и позитивен текст за човечност, прифаќање и разбирање на лицата со попреченост. Истакнува дека објавата немала политичка цел, ниту содржина со елементи на промоција, туку целта била подигнување на јавната свест за емпатија и инклузија, а фотографијата била објавена со претходна дозвола на лицето присутно на неа.

Лицето против кое ја поднесува претставката, --------- - претседателка на здружението ---------, направила јавна објава која содржела принтскрин на објавата на подносителката. Притоа, без нејзина дозвола со преработка јавно ја споделила и индиректно ја споменала и алудирала на нејзината објава, направила негативна и дискриминаторска анализа, употребила навредливи квалификации и етички осуди насочени кон нејзе како мајка, директно алудирала дека нејзиното дете било „искористено" и „емоционално злоупотребено" и го прикажала случајот во контекст на етичка, родителска и морална недоследност.

Објавата била споделена јавно и предизвикала голем број на коментари со омаловажувачки и дискриминаторски карактер, за што подносителката вели дека довело до сериозна емоционална болка и вознемиреност кај нејзе и нејзиното дете.

Таа смета дека објавата и постапката на --------- претставуваат повреда на повеќе членови од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поконкретно дека претставуваат дискриминација по основ на попреченост, како и вознемирување и понижување на достоинството, што создава непријателска и понижувачка средина. За ваквата постапка наведува дека има карактер на јавна дискредитација и стигматизација на дете со аутизам, со што се нарушува неговото достоинство, приватност и идентитет. Воедно наведува дека објавата создава предрасуден и непријателски однос кон родителите на деца со попреченост, со што се поттикнува јавна недоверба и осуда воедно и нарушување на нејзиниот углед и како стручно лице и како родител.

Подносителката истакнува дека како мајка, граѓанин и клинички психолог, чувствува емоционална и психолошка вознемиреност поради јавното омаловажување, страдање и чувство на неправда поради повреда на достоинството на нејзиното дете, загуба на доверба

во јавниот дискурс, бидејќи нападот доаѓа од лице што раководи здружение кое треба да штити, а не да осудува, како и општествена стигма, бидејќи дел од јавноста ја сфатила објавата како осуда кон родителите што се борат за видливост и инклузија.

Бара од Комисијата да поведе постапка за утврдување на дискриминација, вознемирување и повреда на достоинството и да изрече мерки во согласност со законот, вклучувајќи: јавно предупредување, препорака за јавно извинување, наложување за отстранување на објавата и забрана за повторување на дискриминаторски дејства.

Во прилог на претставката беа доставени линкови кои водат до оригиналната објава на профилот на --------- и споделувањето направено од профилот на ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------, заведено под бр. 08-764/2 од 14.11.2025 година.

На ден 26.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на претставката од страна на ---------, заведен во Комисијата под бр. 08-764/3.

Во одговорот таа најпрво смета дека е важно да се разјаснат суштинските факти, околности и намери поврзани со нејзината објава на социјалните мрежи, која е наведена како спорна во предметната претставка.

Прво, наведува дека нејзиното излагање било етичка анализа, а не дискриминација и дека бјавата не содржела елементи на дискриминација кон ниту едно дете, родител или друга група граѓани, туку напротив, станува збор за етичка и општествена анализа на повторувачка појава во Република Северна Македонија на вклучување на малолетни деца во политички контексти за време на изборни кампањи.

Наведува дека на фотографиите што ги приложува се гледа малолетно дете кое се гушка со кандидат за градоначалник, дете кое се поздравува со повеќе возрасни лица, меѓу кои и истиот кандидат и дека објавата била јавна и се гледал натпис "Време е да го вратиме достоинството во јавниот говор и да препознаеме...". Напоменува дека лицата на деца ги сокрила таа и дека споделувачот од јавната објава е сокриен од нејзина страна, а не родителот или иницијалниот објавувач. Притоа истакнува дека во нејзината објава не е посочено конкретно дете, не се наведени имиња, здравствени податоци или семејни околности и не постојат изрази што навредуваат, понижуваат или таргетираат. Нејзината реакција била насочена кон постапката, а не кон поединци.

Второ, наведува дека намерата на објавата била превенција и заштита на децата. Таа веќе дваесет години работи со ранливи групи, деца, пациенти и семејства и поради тоа нејзината објава имала цел да предупреди за ризиците што ги препознаваат и меѓународни организации, а тоа се злоупотреба на деца за политички цели, користење фотографии од малолетници во контекст кој тие не го разбираат, како и ризици од стигматизација, манипулација или јавна експлоатација. Ова го смета за прашање од јавен интерес, за што нејзина морална и граѓанска обврска е да укаже.

Трето, смета дека е важно Комисијата да знае дека таа е лице со ретка болест, со повеќе хронични дијагнози и со утврден инвалидитет, која со години се соочува со институционална пасивност, стигма и борба за основни права, па поради тоа е особено чувствителна на неправда, злоупотреба и повреда на достоинството на деца и други ранливи категории. Како таква, вели дека таа предупредува за можна дискриминација, а не ја создава.

Исто така, потенцира дека заштитата на децата е универзален етички принци и дека во нејзината објава не се критикува конкретно дете, не се искажува омаловажување и нема елементи на говор на омраза. Притоа укажува дека ставот дека детето не смее да биде политичка алатка е став што го делат Европската комисија, УНИЦЕФ, Комитетот за правата на детето при ООН, Хелсиншки комитет и Меѓаши, како и други релевантни организации.

Последно, смета дека нејзината објава е во рамки на слободата на изразување и дека согласно член 16 од Уставот на Република Северна Македонија и член 10 од Европската конвенција за човекови права, има право да укаже на одредена појава, предупреди за ризикот од неа, критикува општествен тренд и изнесе мислење од јавен интерес.

Бара Комисијата суштински, а не формално да ја цени содржината и да утврди дека во нејзината објава не постои дискриминација.

На ден 1.12.2025 година --------- достави дополнување-објаснување во врска со поднесената претставка против нејзе, заведено во Комисијата под бр. 08-764/4. Со дополнувањето таа дава образложение и го појаснува контекстот во кој е направена нејзината јавна објава, за која смета дека е предмет на неосновани реакции.

Наведува дека објавата што ја споделила е анализа на тренд кој се развил во нашата држава, а тоа е фотографирање деца во политички контекст и користење на ранливи категории за политичка промоција. Истакнува дека нејзината објава не содржи навреда, омаловажување, исклучување, негативна квалификација кон било кое дете или група деца, ниту пак дискриминаторски изрази, туку напротив, целта ѝ била заштита на сите деца, еднакви права, де-политизација на децата и почитување на достоинството. Напоменува дека лично не ја познава ниту мајката ниту детето.

Во однос на нејзиниот личен и професионален контекст, наведува дека е лице со ретка болест, со потешкотии во движењето и со долгогодишен инвалидитет. Како претседател на Здружението на ---------, секојдневно работи со најранливи категории, како што се деца со ретки болести, млади со попреченост, родители, семејства пред социјален ризик и од оваа позиција, нејзината објава била реакција која произлегува од професионално и лично искуство, а не од било каков дискриминаторски мотив.

Потенцира дека преку нејзината објава критикувала одредена пракса која ја смета за проблематична, а тоа е: политичари фотографираат деца без системска заштита; се создава впечаток дека правата се стекнуваат преку „слика со функционер"; ранливите деца се користат како медиумски реквизит; родителите се ставаат под притисок да ги експонираат своите деца; се пренесува порака дека правата не се институционални, туку зависат од политичка близина. Смета дека таквата практика е спротивна на модерните системи за заштита на децата и дека таквите практики на позиција, опозиција, власт и кандидати се подеднакво дел од овој проблем.

Дополнително, во објавата која подоцна ја споделила, таа опишала историска личност, Јунис Кенеди Шрајвер, основачка на Специјалната олимпијада, која ги започна најголемите реформи за правата на луѓето со интелектуална попреченост. Нејзината борба не се водела со политичари околу неа, со фотографии, со позитивна дискриминација, со користење на деца во јавна промоција, туку таа создала систем, закони, институции и стандарди. Таа го тргнала фокусот од лицата со попреченост како „симбол" и ги претворила во учесници со еднакво достоинство. Токму ова наведува дека е и нејзината порака, дека правата не се медиумски реквизит, туку институционална гаранција.

Истакнува дека Законот за спречување и заштита од дискриминација го дефинира поимот дискриминација како постапка што води кон нееднакво, понеповолно и штетно постапување врз основа на некое лично својство, додека пак нејзината објава е насочена исклучиво кон политичка практика, а не кон деца и како таква, критиката на политичка практика не претставува дискриминација, туку демократско право и обврска.

Последно наведува дека како лице со инвалидитет, кое цел живот се бори против стигма и исклучување, претставката против неа ја смета за неправична и неоправдана.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната **фактичка состојба**:

Подносителката на претставката, на својот профил на социјалната мрежа Facebook споделила објава со следната текстуална содржина:

*„Време е да го вратиме достоинството во јавниот говор и да препознаеме кој навистина носи вредности за градот, а не само функции.*
*Долг период набљудувам нешто што ме загрижува бран на навреди, клевети и омаловажувања насочени кон Орце Ѓорѓиевски, кандидат за градоначалник на Град Скопје.*
*Како психолог и како мајка, тоа не можам да го премолчам.*
*Зад секој јавен лик стои човек со семејство, со родители, со деца, и кога ќе се изгуби свеста за тоа тогаш не станува збор за политика, туку за дехуманизација.*
*Замислете една мајка која го чита сето тоа за својот син. Замислете ја болката во нејзиното срце.Затоа, кога зборувате запрашајте се што би било ако некој така зборува за вашето дете?*
*Тоа не е прашање на политичка припадност, туку на човечност.*
*Кога човек се навредува, тој не зборува за другиот туку за себе.*
*Навредата е психолошка проекција на внатрешна несигурност.*
*Затоа денес, во ова време на дигитален хаос, се создава култура на уништување на личности кои не се вклопуваат во нечии лични интереси.*
*Но, вистинската сила не е во викањето, туку во тишината што носи резултати.*
*Орце Ѓорѓиевски не е човек што се брани со зборови. Тој делува со постапки, со смиреност и разбирање, нешто што ретко се гледа во политиката.*
*Кога го сретнав, не стоеше пред мене човек со воспалено его, туку личност што слуша, разбира и сака да направи нешто вистинско.*
*Анализирајќи го неговиот психолошки профил преку фацијална експресија, тоналитет и невербална комуникација видов нешто што не може да се научи тоа се искреност и емпатија.*
*На фотографијата каде Орце е со мојот син Леон, дете со аутизам, нема поза, нема глума.И во овој момент, тој не гледа во камерата, туку во детето кое му верува без услов.*
*Леон, мојот син, не гледа партија, ниту име, ниту функција. Тој гледа присуство, гледа топлина.*
*А кога детето со аутизам прифаќа некого, тоа не е случајно. Тоа е психолошки феномен што јас секојдневно го сведочам:*
*Децата со аутизам имаат совршен детектор за искреност.Тие не ги гледаат нашите титули, туку вибрацијата што ја носиме.*
*Има топлина и човечка допирливост.*
*Таа фотографија зборува за она што е најважно за еден градоначалник човек што го разбира животот, не од високо, туку од срце.*
*Во неговиот поглед нема политичка калкулација, туку разбирање. И тоа е она што му недостига на овој град луѓе што гледаат со очи на душа, а не преку интерес.*
*Скопје заслужува луѓе, не маски.*
*Скопје не е само град. Тоа е жив организам составен од луѓе, болки, борби и соништа.*
*Не му требаат празни ветувања, туку свест, емпатија и култура на почит.*
*Затоа што град без вредности е само бетон.*
*А вредноста не се мери со функција, туку со човечност.*
*Да, имало препреки до средбата помеѓу мене и Орце вештачки наметнати од хиени, од оние што стравуваат од вистината и чистата намера.*
*Но секоја препрека е доказ дека нешто вистинско вреди да се избори.Психолошки гледано, токму тие личности се најгласните кога зборуваат за морал, а најпразните кога треба да го покажат.*
*Во мојата професионална работа, ги нарекуваме деструктивни медијатори оние што не решаваат конфликт, туку го создаваат.*
*Ги препознаваш по тоа што никогаш не зборуваат со тебе, туку за тебе.*
*До сите што оставаат коментари:*
*Не вреѓате само еден човек, туку градот што сакате да го видите подобар.*

*Не го повредувате само Орце, туку сопственото достоинство.*
*Затоа што секоја навреда кажана за друг се враќа како сенка врз оној што ја изговорил.*
*Ние не можеме да изградиме подобро Скопје со омраза.Но можеме со љубов, со труд, со визија и со верба.Затоа, дајте шанса на човек што знае да слуша, да разбере и да обедини.*
*Скопје има потреба од вредности, не од напади.*
*Јас одам со вера, со молитва и со чисто срце.*
*Знам дека Бог ги отвора и затвора вратите таму каде што треба.*
*И верувам дека времето на празни зборови поминува, а доаѓа времето на луѓе што носат светлина и човечност во секој чекор.*
*Скопје заслужува таков градоначалник.*
*Скопје заслужува човек како **Орце Ѓорѓиевски - Orce Gjorgjievski** , **Орце Ѓорѓиевски**."*

--------- на својот профил на социјалната мрежа на Facebook споделила принтскрин од објавата, на кој е видлива само првата реченица и фотографиите кон неа, со следната текстуална содржина:

*„ГОВОР НА ОМРАЗА И ЈАВНА ЕТИКА*
*Говорот на омраза, за жал, е сè почеста појава во нашето општество и секогаш заслужува осуда — без разлика од која страна доаѓа. Текстот што го споделува мајка на дете со посебност е убаво напишан и емотивен, но во исто време отвора неколку важни прашања што вреди искрено да се разгледаат.*
*Најнапред, би сакала искрено да прашам:*
- ✔ *Кој е вистинскиот повод на оваа средба?*
- ✔ *Дали станува збор за официјално обележување на некаков настан или за средба поврзана со одредено барање?*
- ✔ *Дали имавте можност да стапите во контакт и со Г. Мециновиќ,противкандидатот на г. Ѓорѓиевски, заради рамноправност на пристапот и перцепцијата?*
- ✔ *Врз основа на тие средби, дали можете објективно да направите споредба на односот и начинот на прифаќање од страна на двајцата кандидати?*

*И најважното прашање:*
- ✔ *Дали, макар и за момент, се запрашавте дали ваквата објава може да се сфати како промоција на одреден кандидат — при што, свесно или несвесно, во јавната комуникација се појавува дете со попреченост?*

*Апсурдот е уште поголем ако тоа дете е вашето. Тогаш прашањето не е само политичко, туку и етичко и родителско. Сите имаме обврска, особено кога зборуваме за вредности, да внимаваме човечноста да не стане средство за кампања. Само така ќе ја вратиме довербата и достоинството во јавниот говор — со искреност, но и со одговорност. Она што навистина загрижува не е самиот човечки чин на прегратка, туку контекстот во кој е претставен. Кога родител користи фотографија со своето дете — особено дете со попреченост — во јавна објава што директно промовира политичар, тоа може да се сфати како:*
- *емоционална манипулација на јавноста,*
- *повреда на приватноста на детето,*
- *и етичка недоследност – бидејќи се зборува за човечност, а во суштина се користи интимен момент за политичка порака.*

*Во современите стандарди на комуникација (особено според етичките кодекси на психологијата, медиумите и маркетингот), децата не треба да се вклучуваат во политички пораки, без разлика на намерата.*
*Како човек, како лице со ретка болест и како претседател на Здружението ---------, јавно и недвосмислено осудувам каква било злоупотреба на оваа ранлива група — дури и кога тоа се прави со најдобра или несвесна намера.*
*Нашето здружение, кое ги застапува правата на лица со ретки болести и попречености,*

*секогаш ќе стои на браникот на вистината, правото и човечката одговорност. Тоа е наша должност — и наша совест.*
*---------*
*Претседател на Здружение ---------."*

Слободата на изразување е гарантирана во **член 16 од Уставот на Република Северна Македонија**, кој гласи:
*„Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета. "*

Дополнително, според **член 10 од Европската конвенција за човекови права и слободи („ЕКЧП")**:
*„1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството."*

Во оваа насока, според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)".*

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Согласно **член 10 став 1 од Законот**, *„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Во оваа насока, државите потписнички на ЕКЧП имаат позитивни обврски во заштитата на остварувањето на слободата на изразување. Тие позитивни обврски претпоставуваат, меѓу другото, дека државите се должни да воведат делотворен механизам за заштита на авторите и новинарите за да се создаде поволно опкружување за учество во јавната дискусија на сите засегнати и да им се овозможи да си ги изразат мислењата и идеите без страв, дури и тие да се спротивни на оние што ги бранат државните органи или значителен дел од јавното мислење, или пак дури и ако таквите идеи и мислења иритираат или шокираат.

Европскиот суд за човекови права („**ЕСЧП**“) во неколку наврати ја има нагласено важноста на член 10, кој се применува не само за „информации“ или „идеи“ што се примаат позитивно или се сметаат за ненавредливи или носат рамнодушност, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат, истакнувајќи дека тие се условите на плурализмот и толеранцијата без кои нема демократско општество.

Сепак, слободата на изразување не е апсолутна и има сфери на ограничување. Остварувањето на правото на слобода на изразување може да се коси со други заштитени права и во такви случаи, при оценка на тоа што претставува разумно ограничување на слободата на изразување, потребно е да се постигне соодветен баланс помеѓу заштитата на правото на слобода на изразување и другите права и вредности загарантирани со ЕКЧП.

Во конкретниот случај, Комисијата оцени дека текстот на спорната објава не содржи навредливи, понижувачки, стигматизирачки или генерализирачки изрази, кои би можеле да се протолкуваат како дискриминаторски кон лицата со попреченост, како и дека објавата не создава навредлива, понижувачка или непријателска средина за лицата со попреченост. Попреченоста во самата објава се споменува во контекст на заштита на достоинството, приватноста и ранливоста на децата и лицата со попреченост, односно се изнесува личен став на лицето кое ја објавила содржината, како лице со ретка болест и претседател на здружение кое ги застапува правата на лица со ретки болести и попречености. Критиката изнесена во објавата не е насочена кон детето со попреченост кое се наоѓа на споделената фотографија-син на подносителката на претставката, ниту кон лицата со попреченост како група, туку се однесува на начинот на комуникација со јавноста во дадениот политички контекст, при што преку личен став се проблематизира можната злоупотреба на деца за цели на политичка промоција. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека ваквата критика не ги надминува границите на слободата на изразување, гарантирана со член 16 од Уставот на Република Северна Македонија, како и со член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------